Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС, Скопје
Бр. 362/0306
16.09.2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 10 септември 2019 година, врз основа на примена жалба од „Друштво МХЕ Тополки“, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Телевизија Алсат-М, со прилогот насловен „Службеници кои се посомневале за „Тополки“ на Анѓушеви завршиле зад решетки“, го прекрши Кодексот на новинарите на Македонија во членот 1.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 13 август 2019 година, Друштво „МХЕ Тополки“ поднесе жалба за текстот насловен „Службеници кои се посомневале за „Тополки“ на Анѓушеви завршиле зад решетки“, објавен на 9 август 2019 година на Телевизија Алсат-М (www.alsat-m.tv/mk/).

Во жалбата се наведува дека прилогот содржи неточно и нефер известување и незастапена втора страна. Подносителот на претставката смета дека во објавената содржина недвосмислено се имплицира и се инсинуира дека „Друштвото МХЕ Тополки“ е поврзано со истражни и судски процеси, кои што во никој случај не се ниту блиски до работата на друштвото. Од „Тополки“ посочуваат дека авторот само навел процеси и активности без да се следи прецизниот календар на случувања и дека во ниту еден момент не побарал изјава од Друштвото.

Според жалителот, и во самиот наслов на прилогот и во дел од содржината, Алсат - М директно инсинуирал за поврзаност на двата случаја, повикувајќи се на документ кој што не бил јавно прикажан.

„*Сметаме дека со ваквата конструкција, медиумот тенденциозно и со намера при наведувањето на двата процеса од двата случаи, не ја наведува прецизната временска одредница кога се случувале и со тоа имплицира поврзаност на двата случаи. Поврзувањето на Друштвото МХЕ Тополки и ставање во контекст со неточни и измислени информации, предизвикува штета на честа и угледот и на компанијата и на управителот, и воедно неговата лична безбедност*“, се наведува во поднесената жалба.

Од „МХЕ Тополки“, меѓу другото, потенцираат дека реагирале со демант на прилогот, но дека Телевизија Алсат-М не го објавила.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Телевизија Алсат – М и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот категорично ја отфрла жалбата како неоснована, зашто како што посочува, во текстот биле запазени сите новинарски и етички стандарди.

Од Алсат-М појаснуваат дека се работело за серијал прилози на истата тема и дека во нивната содржина била поткрепена со повеќе јавно објавени документи со обележани датуми и со хронолошки тек на случувањата. Телевизијата ги отфрла и забелешките на „МХЕ Тополки“ дека Алсат инсинуирал поврзаност на предметот „Шпански скали“ и апсењето на двајцата службеници, кои учествувале во подготвувањето на документот

испратен до Државното правобранителство со кој се бара правно мислење за дадениот закуп на државното земјиште.

*„Имено, како јавност имаме право да поставиме теза дали „случајно или не“ апсењата се случуваат 48 часа од испратеното барање. Во ниту еден момент не тврдиме дека таква врска постои*“, се вели во одговорот на телевизијата.

Од „Алсат-М“, меѓу другото, наведуваат дека ден по оспорениот прилог го објавиле демантот на „МХЕ Тополки“, а претходно, објавиле деманти и од Владата и од Министерството за транспорт и врски за истиот серијал прилози.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 1.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 10 септември 2019 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина. Тие заклучија дека не можат и немаат право да ги утврдуваат фактите наведени во текстот. Нивна надлежност е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Комисијата, најнапред, утврди дека прилогот произлегува од јавниот интерес и дека станува збор за серијал текстови, кои ја следат постапката за закуп на државно градежно земјиште од страна на приватна компанија, чиј управител е во роднинска врска со висок владин функционер. Комисијата се согласи дека и активностите на семејствата на носителите на јавни функции и евентуалниот конфликт на интереси, треба да подлежат на строг јавен надзор, а дека во исто време, приватните компании, како и јавните институции, не смеат да бидат изземени од теми за кои јавноста има право да биде информирана.

Во овој контекст, новинарот може да објави нешто за кое што нема доволно докази, а за кое има доволно индикатори дека е вистина, односно нешто за што постои основано сомнение. Основано сомнение подразбира презентирање аргументи, кои се разумни и кои се индикатор дека нешто е вистина, без да имаме конкретен доказ за вистинитоста.

Комисијата заклучи дека прилогот на Алсат-М во најголем дел е професионален и етички, но дека сепак авторот отстапил од основното новинарско правило, да побара став од сите засегнати страни, во случајов, и од фирмата „МХЕ Тополки“. Со тоа, медиумот ќе обезбедел целосна и уште пообјективна информација, наместо да смета дека е доволно да се обрати само до Владата, која е само една од страните во новинарскиот производ.

Оттука, Комисијата најде дека во текстот е прекршен **членот 1** од Кодексот на новинарите, чија отстапка е нагласена во следниот пасус од текстот:

***„На 28 јуни обвинителството и полицијата приведоа 11 лица, а меѓу нив и двајцата службеници од транспорт и врски. Случајно или не, акцијата се случува само 48 часа откако, тие побарале да се провери дали има пречки „Тополки“ да закупи државно земјиште. Според податоците од Централниот регистер на компанијата „Тополки“ управител е Тодор Анѓушев. „Тополки“ пак, е во сопственост на Хидро Холдинг, а содружник во сопственоста е и фирмата „Феро Инвест“. Газди на „Феро Инвест“ се Кочо Анѓушев, брат му Тодор и уште едно лице“.***

Новинарот треба да обезбеди „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати страни да го кажат своето мислење. Ова особено, во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Во продолжение, и покрај тврдењето на подносителот на жалбата дека Телевизија Алсат-М не го објавила нивниот демант, Комисијата сепак утврди дека медиумот го објавил демантот во целосна форма, еден ден по испраќањето на барањето, односно на 31 август 2018 година[1]. Со тоа, новинарот го заштитил сопствениот интегритет и интегритетот на медиумот во кој работи.

* * *

**При одлучувањето Комисијата ја зеде предвид и:**

***Пресудата на ЕСЧП во случајот Steel and Morris Vs United Kingdom 2005, 94**, за случајот во кој Мекдоналдс корпорацијата („САД Мекдоналдс) и Мекдоналдс ресторани ДОО („Мекдоналдс Велика Британија“) ги тужеа г-ѓа Елена Стил и г-н Дејвид Морис, барајќи штета од 100 илјади британски фунти за клевета предизвикана од наводното објавување брошура од страна на обвинетите. Судот најде дека:

1 https://www.alsat-m.tv/mk/%D0%BC%D1%85%D0%B5-%D1%82%D0%BE%D0%BF%D0%BE%D0%BB%D0%BA%D0%B8-%D1%81%D0%BE-%D0%B4%D0%B5%D0%BC%D0%B0%D0%BD%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B8%D0%BB%D0%BE%D0%B3-%D0%BD%D0%B0-%D0%B0%D0%BB%D1%81%D0%B0/

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

„Големите јавни претпријатија (се мисли на претпријатија во приватна сопственост) неизбежно и свесно се изложуваат на остро испитување на нивните дејствија, како и во случајот на стопанствениците на претпријатијата што управуваат со нив, а границите на прифатливи критики се пошироки во случај на таквите претпријатија (види Фајед против Обединетото Кралство, пресуда од 21 септември 1994 година, Серија А бр.294-Б, стр.53)".

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува Телевизија „Алсат-М" (www.alsat-m.tv/mk/) во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595